Global Group Consulting

www.globalgroup.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ 2020

ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО СКОПЈЕ

GGC AUDI audit@globalgroup.mk /5126-533

## Содржина

Вовед ........................................ 3

1. Правна структура и сопственост на друштвото за ревизија; ........ 5

2. Професионална мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа; ........ 7

3. Управувачка структура на друштвото за ревизија; ........ 8

4.Внатрешен систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија; ........ 8

5. Архивирање и чување на податоци ........ 10

6.Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот; ........ 11

7. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната деловна година ........ 11

8.Изјава за независноста на работата на Друштвото ........ 13

9. Континуирана едукација ........ 14

10.Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци ........ 15

11. Информации за утврдување на надоместот на овластените ревизори ........ 16

12. Прилози ........ 17

# ВОВЕД

Извештајот за транспарентност на Друштво за ревизија и консалтинг ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје – во понатамошниот текст (Друштвото) е изготвен и објавен во согласност со член 35 од Законот за ревизија ("Службен весник на РСМ" бр. 158/2010, 135/2011, 50/2012, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018) и насоките за подготовка на извештајот за транспарентност издадени од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија (СУНРРСМ).

Извештајот ги содржи следните податоци:

1. Правна структура и сопственост на друштвото за ревизија;
2. Професионална мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа;
3. Управувачка структура на друштвото за ревизија;
4. Внатрешен систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија;
5. Архивирање и чување на податоци;
6. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот;
7. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на претходната деловна година;
8. Изјава за независноста на работата на Друштвото;
9. Континуирана едукација;
10. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци;
11. Информации за утврдување на надоместот на овластените ревизори;

12. Прилози

- Изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на систем за контрола на квалитет;
- Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени;
- Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори во текот на претходната година.

# 1. ПРАВНА СТРУКТУРА И СОПСТВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА;

ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје претставува реномирана компанија која нуди услуги за бизнис консалтинг (даночен, економски и правен консалтинг), ревизорски услуги, сметководствени услуги и правни услуги од областа на деловно право.

Друштвото поседува Лиценца за вршење на ревизија издадена од СУНР, Лиценца за вршење на сметководствени работи како и Акредитација за одржување на КПУ обуки за сметковидители и овластени сметководители.

**Податоци за правна структура, сопственичка структура и менаџмент на друштвото:**

| | |
|---|---|
| Полн назив | **Друштво за ревизија и консалтинг ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје** |
| Адреса | **Ул. Жил Верн бр.8/1-5 Кисела Вода, Скопје** |
| Опис на правна форма | **Друштво со ограничена одговорност** |
| Место на основање | **Скопје** |
| ЕМБС | **7286970** |
| Датум на основање | **25.06.2018** |
| Основна главнина | **5000 EUR** |

| | |
|---|---|
| Сопственици / содружници | **Овластен ревизор Симона Павловска која поседува удел од 2.600 ЕУР или 52%**<br><br>**Магистер правник Јани Павловски кој поседува удел од 2.400 ЕУР или 48%** |
| Управител/ менаџер | **Овластен ревизор Симона Павловска** управител/ неограничени овластувања<br><br>**Магистер правник Јани Павловски** управител/ неограничени овластувања |
| Приоритетна дејност | **69.20 Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување** |
| Регистерски број во ИОРРМ | **ДР037** |
| Регистерски број на лиценцата во СУНР | **33** |
| Арх. број на лиценца за работа на вршење ревизија издадена од СУНР | **08-20 од 27.02.2020** |
| Подружници | **нема** |
| Основани друштва во земјата и странство во целосна или доминатна сопственост на друштвото | **нема** |
| Број на вработени во 2020 | **6** |
| Број на вработени на 31.03.2021 | **6** |
| Број на вработени според вид на работен однос | **4 на неопределено полно раб. време**<br><br>**2 на определено полно раб. време** |
| Број на вработени овластени ревизори | **2** |

| | |
|---|---|
| Осигурување од одговорност | **Друштвото има склучено Договор за годишно осигурување од одговорност во согласност со Законот за ревизија со Друштво за осигурување УНИКА АД Скопје.**<br>**Минимална сума на покривање: 7.380.000,00 МКД.**<br>**Број на полиса: 13001O062270**<br>**Период на осигурување: 05.10.2020 до 05.10.2021 година.** |

# 2. ПРОФЕСИОНАЛНА МРЕЖА И ПРАВНИТЕ СТРУКТУРНИ АРАНЖМАНИ ВО МРЕЖАТА КАДЕ ШТО ПРИПАЃА;

Друштвото не е вклучено во мрежа.

Истото делува како локално друштво за ревизија на територијата на Република Македонија.

# 3. УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА;

Во согласност со Законот за трговски друштва и Договорот за основање на друштвото, управувачката структура на друштвото е следна:

- Собир на содружници кој се состои од двајца содружници, и
- Управители на друштвото избрани со одлука на содружниците.

# 4.ВНАТРЕШЕН СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА;

Друштвото има усвоено и применува политики и процедури со цел унапредување на деловната култура заснована првенствено на препознавање и одржување на квалитетот, како што е дефинирано и во самиот Правилник на Друштвото за контрола на квалитет.

Обемен и конзистентен систем на контрола на квалитет е суштински услов за вршење на услуги со висок квалитет.

Согласно наведеното, Глобал Гроуп Консалтинг ДОО Скопје има политики за контрола на квалитет, кои политики и процедури се засновани на:

- Меѓународниот Стандард за Контрола на Квалитет 1 (МСКК1) објавен од страна на Меѓународниот Одбор за Стандарди за Ревизија и Уверување,

- МСР 220 – Контрола на квалитет за ревизија на финансиски извештаи и
- Кодексот на Етика за Професионални Сметководители објавен од страна на Меѓународниот Одбор за Етички Стандарди за Сметководители.

Политиките одразуваат елементи на индивидуална контрола на квалитет за да им помогнат на нашите вработени да дејствуваат со интегритет и објективност, да ја вршат својата работа со внимание и да се усогласат со важечките закони, прописи и професионални стандарди.

МСКК 1 се однесува на одговорностите на друштвото да воспостави и одржува систем на контрола на квалитет во друштвото кој обезбедува разумно уверување, дека друштвото и нејзиниот персонал се придржуваат на професионалните стандарди и законските барања и дека извештаите кои друштвото ги издава се соодветни на дадени прилики. Системот на контрола на квалитет вклучува политики и постапки кои се однесуваат на:

- Одговорности на лидерите за квалитет во рамките на фирмата
- Релевантни етички барања
- Прифаќање и продолжување на односот со клиентот и специфични ангажмани
- Човечки ресурси
- Извршување на ангажман
- Надгледување

МСР 220 се однесува на одговорностите на друштвото и ревизорскиот персонал само за ревизорските ангажмани.

Со оглед дека ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје е мало друштво, со мал број на ревизорски ангажмани и во кое има вработени два овластени ревизори, нема посебно одделение за внатрешна контрола на квалитет, при што внатрешната контрола ја

врши еден од овластените ревизори кој не бил вклучен во работа на конкретниот ревизорски ангажман, предмет на внатрешна контрола.

Во иднина друштвото се стреми кон проширување и ангажирање на дополнителен овластен ревизор кој ќе биде надлежен за контрола на квалитет.

# 5. АРХИВИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

Во врска со архивирањето, одредено според политиките на друштвото, како систем секористи за:

- Комплетирање на финалното досие на ангажманот 60 дена по издавањето на ревизорскиот извештај;
- Задржување само на конечната верзија на електронски или податоци во хартиена форма за архивирање и бришење на претходните верзии;

Архивирањето се врши во согласност со позитивната законска регулатива од областа на архивирањето, како и соодветните Правилници од таа област.

# 6.ДАТУМОТ КОГА Е ИЗВРШЕНА ПОСЛЕДНАТА ПРОВЕРКА ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО КВАЛИТЕТОТ НА РЕВИЗОРОТ;

Со оглед на фактот што друштвото започнало со вршење на ревизорска дејност во март 2020 година, во друштвото не е извршена проверка за уверување во квалитет.

# 7. СПИСОК НА СУБЈЕКТИ НА КОИ Е ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ДЕЛОВНА ГОДИНА

## 7.1. Законски ревизии

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Алокејт Софтвер ДООЕЛ Скопје | ревизија | законска |
| 2 | Џагатај Кабло Отомотив Електрик Системлери ДООЕЛ Илинден | ревизија | законска |
| 3 | Хета Лизинг ДОО Скопје | ревизија | законска |
| 4 | ИМП Солета ДОО Скопје | ревизија | законска |
| 5 | М Кеш Македонија ДООЕЛ Скопје | ревизија | законска |
| 6 | Изградба Комерц ДООЕЛ Скопје | ревизија | законска |
| 7 | Саник Инженеринг ДООЕЛ Скопје | ревизија | законска |
| 8 | Извор ДООЕЛ Скопје | ревизија | законска |
| 9 | Мактренд ДООЕЛ Скопје | ревизија | законска |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10** | Прајсвотерхаускуперс ДООЕЛ Скопје | ревизија | Законска |
| **11** | Прајсвотерхаускуперс ДООЕЛ Скопје (консолидирана) | ревизија | законска |
| **12** | Проџект Имплементејшн Консалтинг ПИК ДООЕЛ Скопје | ревизија | законска |
| **13** | Саник Инвестмент-Подомак (Присоединување) | ревизија | законска |
| **14** | РеНРЏИ Трејдинг Гроуп ДООЕЛ Скопје | ревизија | законска |
| **15** | ЦНБС ДООЕЛ Скопје | ревизија | законска |
| **16** | ФАЛКО увоз-извоз ДООЕЛ С.Цапари Битола | ревизија | законска |
| **17** | ФАЛКО увоз-извоз ДООЕЛ С.Цапари Битола (консолидирана) | ревизија | законска |
| **18** | ЦОФИЦАБ Еастерн Еуропе СРЛ Арад Романија-Главна подружница Скопје | ревизија | законска |
| **19** | ЛУТЕКС ДОО Велес | ревизија | законска |
| **20** | ЊУ Енерџи 2018 ДОО Скопје | ревизија | законска |
| **21** | ФЛЕКС КРЕДИТ ДОО Скопје | ревизија | законска |
| **22** | ВВ ДИГИТАЛ 2018 ДОО Скопје | ревизија | законска |
| **23** | АТАЈМАЧ ДООЕЛ Скопје | ревизија | законска |

### 7.2. Договорни ревизии

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје | ревизија | договорна |
| 2 | Проект за развивање на регионална соработка на ромските претприемачи во Унгарија, Чешка и Словачка на Здружението иницијатива за економски развој на ромите РЕДИ Скопје | ревизија | договорна |

# 8.ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНОСТА НА РАБОТАТА НА ДРУШТВОТО

Друштвото има усвоено Политика за независност со цел да се овозможи сите партнери и вработени во Друштвото да бидат објективни и независни од сите ревизорски и неревизорски клиенти и нивните поврзани субјекти.

Независноста на ревизорскиот персонал се испитува на неколку нивоа и тоа:

- по пат на изјави, еднаш годишно потпишуваат изјава за независност
- пред назначување на членовите на конкретен ревизорски тим, членовите потпишуваат изјава за независност за конкретниот клиент за кој се ангажирани.
- членовите на ревизорските тимови во одлуките за назначување се предупредени да го известат управителот доколку во текот на ревизијата се создадат околности со кои може да биде загрозена нивната незвисност.

# 9. КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА

Во согласност со Законот за ревизија ("Службен весник на РМ" бр.158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15 , 192/15, 23/16 и 83/18), Друштвото изјавува дека обезбедува континуирано професионално усовршување за лиценцираните овластени ревизори.

Сите овластени ревизори во Друштвото континуирано ги одржуваат и унапредуваат своите квалификации со посетување на екстерни курсеви и обуки (КПУ) кои ги организира Институтот на овластени ревизори на РМ. За останатиот ревизорски персонал се организираат интерни обуки од областа на ревизијата во рамките на самото друштво, а дополнително вработените посетуваат и екстерни КПУ кои ги организираат овластени консултатски куќи од областа на даноците и сметководството. На сите вработени им е достапна веб страната во сопственост на друштвото smetkovoditeli.com.mk и податоците во истата (информативни написи во врска со сметководство, даноци, ревизија, деловно право, пречистени законски прописи, прирачници од областа на сметководство и даноци и сл.)

Од искусните ревизори се очекува да ги освежуваат и прошируваат своите технички знаења. Развојот на вештините на управување и меѓучовечките односи е многу важен за оваа група на вработени.

# 10.ФИНАНСИСКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВКУПНИОТ ПРИХОД ОСТВАРЕН ОД РЕВИЗИЈАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци, расчленет на четири категории: од услуги на ревизија на годишни и консолидирани сметки, дополнителни услуги на уверување во квалитет, даночни советодавни услуги и други неревизорски услуги.

Друштвото во 2020 година остварило вкупен приход од 4.496.091 денари, чија структура е претставена во следнава табела:

| Р.бр | Опис за извршени ревизии и услуги | ИЗНОС |
|---|---|---|
| **1.** | Ревизија на финансиски извештаи | 1.838.248 |
| **2.** | Даночни советодавни услуги (сметководствени и консалтинг услуги) | 2.562.859 |
| **3.** | Останати услуги | 94.984 |
| **4.** | **ВКУПНО** | **4.496.091** |

# 11. ИНФОРМАЦИИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОТ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ

Надоместот на секој овластен ревизор во Друштвото за ревизија се состои од два елементи – фиксен надомест и надомест за постигнати резултати – од кои и двата се однесуваат на придонесот на ревизорот во Друштвото во согласност со одговорноста. Фиксниот надомест се утврдува во вид на бруто плата согласно договорот за вработување со друштвото. Надоместот за постигнатите резултати се однесува на исполнување на поставените цели за дадената година.

**Извештајот е објавен на веб страната на друштвото*
*www.globalgroup.mk*

**ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје**

**Управител:**
Јани Павловски

*Скопје, 31/03/2021 година*

# 12. ПРИЛОЗИ

**Прилог бр.1**

**ИЗЈАВА**
**За ефективноста на функционирањето**
**на внатрешниот систем за контрола на квалитет**

Управителот на Друштво за ревизија и консалтинг ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје изјавува дека во текот на 2020 година ги имплементирало сите политики и процедури за ефикасно и ефективно функционирање на внатрешниот систем за контрола на квалитетот на Друштвото.

**ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје**

Управител, Јани Павловски

**Прилог бр.2**

**ИЗЈАВА**
**за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени**

Управителот на Друштво за ревизија и консалтинг ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје изјавува дека Друштвото е независно во своето работење и дека постојат интерни процедури за проверка на независноста на сите вработени.

**ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје**

Управител, Јани Павловски

**Прилог бр.3**

## И З Ј А В А

## за политиката што ја следи Друштвото за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори и останатите вработени во текот на годината

Управителот на Друштво за ревизија и консалтинг ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје изјавува дека Друштвото доследно ја има следено политиката за континуирано професионално усовршување како на овластените ревизори така и на останатите вработени во текот на деловната 2020 година.

**ГЛОБАЛ ГРОУП КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје**

Управител, Јани Павловски